# Што е тоа внатрешна дишна цевка?
# What is An Endotracheal Tube?

Цевката за дишење е пластична цевка која се користи додека трае механичко дишење. Тоа е процедура што му помага на пациентот да диши. Едниот крај од цевката за дишење се става во дишникот (трахеата) преку устата или носот. Другиот крај на цевката се поврзува со машина за дишење (mechanical ventilator).

## Како работи?
## How Does It Work?

Цевчето за дишење обезбедува пат за да може воздухот и кислородот да се движат од машината за дишење до белите дробови. Сестрите ја обезбедуваат цевката за дишење со леплива лента или со пластична направа. Затоа што цевката за дишење минува низ гласните жици, пациентот нема да може да зборува додека цевката за дишење се наоѓа во дишникот.

Колку долго ќе остане во дишникот?
How Long Will It Be Used For?
Цевките за дишење во дишникот се користат само кусо време, додека пациентите не почнат сами да дишат. Ако на пациентот му треба цевка за дишење подолго време, докторот можеби ќе сака да стави дишна цевка во вратот на пациентот (tracheostomy). Дишната цевка во вратот е обично поудобна за пациентот од цевката во дишникот.

## Дали има некакви компликации?
## Are There Any Complications?

Сите интерванции и процедури во Одделението за интензивна нега носат одреден степен на ризик дури и кога се изведуваат од страна на обучен и искусен персонал. Ве молиме да ги продискутирате овие прашања со медицинскиот персонал кој се грижи за пациентот.

## Дали имате некакви прашања?
## Any Questions?

Секако, ако имате некакви прашња или грижи, ве молиме да разговарате со сестрите и докторите од Одделението за интензивна нега.

